Голем број од социјалдемократските партии во овие земји, изготвуваа свои изборни програми и донесуваа свои програмски декларации, но не се осудуваа да излезат со свој заокружен идеолошки концепт за изведување на овие промени дури и кога победуваа на изборите. Заради тоа, често беа обвинувани за отсуство на идеолошка програма, или за напуштање на принципите и вредностите на социјалдемократијата.

Ова тактизирање на социјалдемократијата беше, меѓу другото, резултат и на тоа што задачите на социјалдемократијата, во периодот на транзиција, на економски план се менуваа од фаза во фаза.

Така на пример, *во првата фаза*, по паѓањето на комунизмот, социјалдемократијата имаше за задача:

- Да ги осмисли, иницира, реализира, или ако не беше на власт, да ги поддржува реформите кои *го разградуваа претходниот систем;*

- Тоа значеше, пред сé, да го смалува уделот на државната сопственост во вкупната економија (бидејќи државата се покажа како лош сопственик во претходниот период) и преку процесот на *приватизацијата*,

*- Да гради модерен систем на пазарна економија* не само како основа за поуспешно решавање на економските проблеми на општеството на долг рок, туку и за развој на независноста на медиумите и развој на демократијата.

Оваа фаза, во која главни советници на презадолжените влади во Источноевропските земји, како Македонија, беа Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, обично започнуваше со *либерализација на системот на цените* на производите за широка потрошувачка кои дотогаш беа под контрола на владата и ослободување на пазарот од стегите на државната контрола и преголемата регулираност. Но, кога тоа, сосема очекувано, доведе до нагло зголемување на цените на прехранбените производи, комуналиите и услугите, до висока инфлација и зголемување на трговскиот дефицит, владите, по барање на нивните кредитори, воведоа *контрола на јавната потрошувачка и замрзнување на платите, пензиите и висината на социјалната помош*. Во услови на неконтролирани цени и контролирани плати, дојде до нагло смалување на стандардот кај сите вработени, а особено кај припадниците на традиционалната средна класа, (наставници, лекари, вработени во државна администрација, и сл.).

Во оваа фаза започнува и приватизацијата, но не само на малите производни, трговски и услужни фирми во кои се создава новата класа на ситни претприемачи и трговци, туку и приватизацијата на големите фабрики, банки, рудници и услужни системи, како: теле-

комуникациите, електростопанството, и сл. Таа приватизација во некои гранки, особено во индустријата, ја открива големата преврaботеност и доведува до рапидно зголемување на невработеноста. Тоа добива разорни димензии, особено во земјите како Македонија, кои заради распадот на бившите федерации, војните, или блокадите од страна на соседите, ги губат пазарите за своите производи. Во Македонија, невработеноста се искачува до стапката од 36% од работоспособното население.

Економски слабата држава не само што не е во состојба да ја алиментира сé поголемата сиромаштија, ниту да го обезбедува високиот степен на социјална заштита што го имаа работниците во периодот на комунизмот, туку е принудена да ги започне *реформите во образованието, здравството и пензискиот систем,* за овие сектори да се приспособат на новите реалности. Седумнаесет години по започнувањето на овие реформи, испитувањата на јавното мислење во Македонија покажуваат дека сеуште 80% од населението смета дека подбро се живеело во претходниот ситем.

Во оваа фаза на голема арбитрерна моќ на демократски избраните раководства во институциите на власта и на државната администрација и на неизградени механизми за заштита од корупција, се создаваат услови за злоупотреби на политичката моќ и остварувањето на приватни и лични интереси на претставниците на власта, државната администрација, судството, нелегалните структури, и на новите претприемачи и капиталисти, или странски инвеститори.

Социјалдемократските партии, во многу земји во кои се на власт во овој период, заради природата на овие процеси се обвинети за изневерување на интересите на работниците и на послабите и *за напуштање на социјалдемократската идеологија.*

Од страна на десничарските партии кои се во опозиција, се обвинувани за економска некомпетентност, за корумпираност, недостаток на волја за борба против криминалот, па дури и за национално предавство.

Заради ова, социјалдемократите, дури и во земјите во кои дојдоа на власт по првите слободни избори, како политичка сила која ќе ги исправи грешките на комунизмот (како во Полска, на пример), ги губат изборите по првиот мандат.

Во земјите во кои социјалдемократските партии беа во опозиција, можеа истите етикети да им ги залепат на десничарските партии, кои по првите слободни избори ја освојуваа власта и формираа влади. Тоа ќе доведе до појавата на циклично менување во власта на секои наредни избори во најголемиот број од Источноевропските земји.

*Во втората фаза* на транзицијата во овие земји, кога започнува благото опоравување на економијата, социјалдемократијата, освен поддршката за довршување на реформите, започнува да води сметка и за заштита на т.н. губитници во транзицијата (огромната маса невработени и осиромашени граѓани) и преку инструментите на државната политика да обезбедува повисок степен на социјална правда.

*Во третата фаза* на речиси изграден капиталистички систем, социјалдемократијата ја промовира својата задача за изградба на социјално-пазарна и одржлива економија, нагласувајќи ја потребата од јавни политики за регулирање на пазарот. Во оваа фаза, социјалдемократијата веќе е во состојба да го заокружува својот идеолошки концепт и да дејствува како модерна социјалдемократија во развиен капиталистички систем.

Аналитичарите на овие процеси во земјите на Источна Европа ќе утврдат дека, независно од имињата на политчките партии што се јавуваат по првите слободни избори во овие земји и независно од нивното самодекларирање како социјалдемократски, либерални или конзервативни, односно демохристијански, многу е тешко да се откријат некои суштествени разлики во нивниот приод кон модернизацијата на економските и политичките системи. Поделбата на левица и десница, во овој период на нивното дејствување, не е од голема помош во откривањето на суштествени разлики во нивните политики и однесување.

Во програмите на партиите од левицата и десницата, па и оние во центарот, стојат со еднаква важност определбите за пазарна економија, но и определбите за социјална држава, за заштита на послабите, смалување на невработеноста, подобрување на стандардот на пензионерите, и сл.

Партиите во земјите на Источна Европа, како што ќе констатираат некои аналитичари, многу често ја освојуваат власта со помош на политичките пароли и ветувања на левицата (за целосна вработеност, повисоки плати, подобра социјална заштита и подобри

пензии), а откако ќе ја освојат, прават сé за да ја задржат со методите на десницата (преку создавање причини за страв кај населението, злоупотребите на власта, измислувањето домашни и надворешни непријатели, унишувањето на опозицијата и обвинување на сите други за својата немоќ во исполнувањето на ветувањата). Тоа најчесто доведува до разочараност на гласачите во партиите и губење на авторитетот на нивните политички водства. Избирачкото тело во такви околности се однесува нестабилно и непредвидливо и не се изненадувачки драстичните промени во избирачката поддршка од страна на граѓаните. Партиите во такви околности тешко успеваат да изградат свој конзистентен идеолошки идентитет, особено не врз основа на нивните економски политики и социјални програми што ги нудат. Заради нужноста од модернизација на системот во процесот на неговата транзиција, социјалдемократските партии, особено оние што настанаа со трансформацијата на поранешните комунистички партии, многу често создаваат впечаток, и јавноста ги доживува како заштитници на интересите на новите сопственици на капиталот, а конзервативните и демохристијанските партии, како заштитници на селанството и на губитниците од транзицијата.

Овие процеси, секако, немаа еднаков предзнак во сите земји на Источна Европа. Во некои од нив, како: Полска, Унгарија, Романија и Бугарија, но и Чешка, Словачка, Летонија, Естонија и Словенија, оваа транзиција беше извршена побргу и тие се веќе членки на Европската Унија. Во други, пак, кои претежно настануваа со распадот на Југославија и Русија, или беа многу неразвиени пред тоа, како: Македонија, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Украина, Молдавија, Белорусија, и други, овие процеси се одвиваат побавно. Во овие последните, како што ќе забележат некои теоретичари, прашањата за стекнувањето на нивната независнот, обезбедувањето на интегритетот на нивните земји, суверенитет на власта врз целата територија од новите држави и прашањата за зачувување на нивниот национален идентитет, беа сушинските катализатори на трансформацијата.

## 5.2. Национален идентитет и сувереност

Новосоздадените политички партии во овие земји, независно од тоа како се нарекуваа, беа упатени на меѓусебна соработка и изградба на заедничка платформа особено во процесот на обезбедувањето на независноста, зачувувањето на територијалниот интегритет и суверенитетот на земјите во кои дејствуваа. Онаму каде што постоеше демократска традиција на соработка на партиите околу овие прашања, како: Полска, Словенија, Унгарија, Чешка, Словачка и други земји, овој процес се одвиваше со помалку проблеми. Но, во земјите без ваква демократска традиција и култура, со разновиден мултиетнички состав, и кои беа соочени со оспорување на нивниот национален идентитет од соседите (како во случајот со: Македонија, Молдавија, Грузија, Босна и Херцеговина, Србија и други), овој проблем доминира во агендата на партиите на долг рок и е повод за жестоки политички конфликти и меѓусебни обвинувања на партиите и често ја одзема енергијата за изведување на реформите во економската и политичката сфера.

Земјите, во кои социјалдемократијата оствари суштествено влијание во процесот на нивното осамостојување, независноста, главно, ја оствариja без војна и крвопролевање. Македонија е една од таквите земји.

Во нивната надворешена политика, доминира политиката на решавањето на спорните прашања без насилство, со компромис, преговори и со вклучување на меѓународната заедница во одбраната на принципите на меѓународното право.

Интегритетот на земјата, социјалдемократите го зачувуваат не само преку одбрана на надворешните граници на земјата, туку и преку: политиката на *заштита на човековите и малцинските права; индивидуализмот; мултикултурализмот и мултиконфесионалноста;* зачувувањето на *секуларниот карактер на државата* и политиката на отвореност за соработка со соседите и за *интегрирање* на своите земји во европските и евроатлантските сојузи.

На овој план, социјалдемократите се конфронтираат со политиките на традиционалистите и радикалните традиционалисти, најчесто од партиите што се организирани врз етничка основа, кои се нарекуваат: национални, народни, демохристијански, или конзервативни. Во земјите, во кои политичките партии не успеваат да изградат

заедничка платформа за одбраната на националните интереси на земјата, традиционалистите, за разлика од социјалдемократите се обидуваат овие проблеми да ги решаваат:

- Со залагање за создавање национална држава на својот народ, односно за етноцентрична државност;
- Давање предност на етничката заедници во однос на општеството - преферирањето силна власт, а многу често и силно влијание на црквата;
- И на еден, или друг начин, ја промовираат политиката на евроскептицизам и одбивност во однос на воените сојузништва со Западот.

Во периодот на транзиција, примеси на овие политики можат да се најдат од двете страни на политичкиот спектар. Тоа е често причина за расцепи во големите партии и создавање голем број помали и поекстремни.

## 5.3. Изградба на демократско општество

Политичките сили во најголем број од овие земји лесно постигнаа консензус околу донесувањето на либерални устави, кои ги гарантираат човековите права и слободи, правото на сопственост, слободата на пазарот, слободата на политичкото организирање и дејствување и функционирањето на институциите на парламентарната демократија. Со уставите се гарантира и независноста на судството, поделбата на власта на законодавна и извршна и се обезбедуваат правни претпоставки за владеење на правото. Ова се и елементи од идеолошките програми на сите партии во нив.

Но, земјите соочени со проблеми во својот економски развој, како Македонија, и со проблеми во решавањето на прашањата во доменот на нивниот национален суверенитет и идентитет, се соочуваат и со проблеми во својот демократски развој. Во тие земји, зад фасадата на парламентарните институции опстојуваат авторитарните тенденции, појави и лидери кои го забавуваат и демократскиот развој и процесот на интегрирањето на овие земји во современите текови.

За социјалдемократските партии, на овој план се поставуваат три основни задачи:

- *Првата* е, како мултиетничноста на општетството да се претвори во привилегија на општеството и во негов фактор за кохезија, а не во негов хендикеп и фактор за поделби, конфликти и распад;

- *Втората* е, како политичките партии да се претворат во институции со висок капацитет за остварување на демократските промени и во фактор на менување на менталитетот за одржување на конфликтот, во менталитет за остварување соработка во интерес на целите на заедницата;

- *Третата е*, како низ развојот на граѓанското општество и преку почитување на принципот на солидарност да се обезбеди ослободување на креативниот потенцијал и слободата за вклучување на секого во креирањето на иднината.

Социјалдемократијата во овие земји:

- Ги корегира слабостите на мнозинската демократија со вградувањето елементи на *консоцијалната и консензуалната демо-кратија,* која е гаранција за заштитата на правата на припадниците на помалубројните етнички заедници;

- Принципот на „класна борба" го заменува со: *соработка меѓу класите и социјален договор* кој обезбедува мирен и стабилен развој на земјата;

- Свесна е за фактот дека идеолошкиот јаз меѓу левицата и десницата се смалува и дека *политичкиот договор меѓу нив и соработка за прашањата од национален интерес* се незаменливо средство за остварување на интересите на земјата и на нејзините граѓани, но и за зголемување на угледот на земјата во меѓународната заедница;

- За социјалдемократијата, демократијата е можна само со активно вклучување на граѓаните преку оганизирањето *слободни, фер и демократски избори,* преку развиени и *слободни медиуми, независно судство,* силна и материјално *моќна локална самоупрва*, и со развиени институции на *граѓанското општество*.

## 5.4. Пречки во градењето идеолошки концепт

Социјалдемократијата во овие земји реално, заради горенаведените причини, не беше во можност да понуди на самиот почеток заокружен идеолошки концепт, како одговор за предизвиците со кои се соочуваше. Не негирајќи ја својата приврзаност кон вредностите и принципите на модерната социјалдемократија, често остануваше на ниво на своите изборни програми и програмски декларации во кои ги дефинираше своите задачи и цели, од фаза во фаза, во развојот. Но, за тоа имаше и некои други причини.

Создавањето капитализам и капиталистичка класа, што беше дел од агендата на социјалдемократите во овие земји и нужен фактор за модернизација, не произлегуваше од ниту една дотогаш позната социјалдемократска идеологија.

Модернизацијата подразбираше приватизација, ограничување на моќта на синдикатите, оставање простор за зголемување на социјалните разлики, развој на пазарите на капитал, стока и пазарот на трудот и оставање простор за зголемување на конкурентноста на стопанството, преку смалување на превработеноста во некои компании од претходниот период. А сите тие нужни мерки за модернизација на системот, беше невозможно да бидат претставени како мерки во функција на зачувување на традиционалните вредности и принципи на социјалдемократијата.

Паѓањето на комунизмот како процес, всушност беше одење во десно и на глобален план, во некои кругови беше сфатен како конечен пораз на секој вид социјализам и социјалдемократија.

Социјалдемократијата во земјите на Западна Европа, во 1989 година веќе беше подолго време во криза и во потрага по одговор за справување со тачеризмот, во Велика Британија, конзервативизмот на Хелмут Кол, во Германија и реганизмот, во САД.

Тоа му даде можност на Ф. Фукојама, во 1989 година да говори за триумфална победа на либералната демократија и идеологија врз комунистичкиот систем и марксистичко - комунистичката идеологија и да потсети на Д. Бел, кој веќе подолго време ја застапуваше тезата

дека: „економијата ја победила политката” и дека постоењето на идеолошки консензус меѓу најзначајните партии по прашањата за економскиот развој, прифаќањето на капитализмот и пазарната економија, значи и крај на идеолошкиот судир меѓу нив.

Паѓањето на комунизмот се одвиваше и во услови на репресија или желба за одмазда кон силите што асоцираа на претходниот систем, а во такви услови и секоја терминологија во политичките програми која асоцира на социјализам, од страна на новите борци за демократија е означувана како „скриена порака за враќање кон комунизам”, или за враќање во рамките на поранешните комунистички федерации. Разочараноста во комунизмот, реално доведе до контаминирање на социјалистичката терминологија и секој вид на нејзина употреба во програмите предизвикуваше сомневање и беше основа за нејзините креатори да бидат обвинети за свесна намера да го вратат назад тркалото на историјата.

Пропаѓањето на комунистичкиот проект ги натера социјалдемократите во Источноевропските земји да бидат многу внимателни при говорот за вредностите на левицата и преку прифаќање на вредности од десницата да ја модернизираат својата идеолошка позиција и да ја направат поприфатлива. Реално, при секоја криза на десницата, таа се модернизира со прифаќање на елементи од левицата и со секоја своја криза, левицата ја надминува со прифаќање на позитивните искуства на десницата.

Денес, кога веќе најголемиот дел од земјите во Централна и Источна Европа го завршуваат периодот на својата транзиција, а некои од нив се и членки на Европската Унија, се создадени услови тие да го градат својот идеолошки профил на модерни социјалдемократски партии и да се борат против релативизацијата на идеолошките разлики низ слоганот: „сите партии се исти”.

Досегашната пракса покажува дека и во Македонија постојат неколку значајни *линии на идеолошката поделба на политичките партии.*

Првата линија е *линијата на социјално класните поделби*. На оваа линија, би можело да се каже дека македонските социјалдемократи не се судираат со некаква конзервативна, или неолиберална партија на спротивната страна, која би го бранела интересот на капиталот и на претприемничката класа, туку со демохристијанските социјалисти (од

ВМРО-ДПМНЕ) чија програма наликува на програмите на старата социјалдемократија и политиката на држава на благосостојба. Македонските социјалдемократи, познавајќи ги инструментите и резултатите на таквата политика на долг рок, би можеле лесно да ја докажуваат нејзината погубност и застареност. Но, за таа цел мора да изградат и концепт за постојано зголемување на општественото богатство, продуктивноста и конкурентноста на македонската економија и механизми за распределба на тоа општествено богатство, во функција на спречување на големите социјални нееднаквости и развојот на хуманиот капитал. Со други зборови, социјалдемократите во Македонија имаат задача да ја докажат својата економска компетентност во водењето на државата и да го убедат мнозинството дека од економскиот развој нема да имаат полза само малкумина, туку целата општествена заедница.

На линијата *национално - граѓанско*, социјалдемократијата, како граѓанска алтернатива, се соочува со партиите на националните традиционалисти и со радикалните традиционалисти и националисти. Таа мора остро и успешно својот концепт на мултиетичност, мултикултура, мултиконфесионалност, толеранција, соработка, вклученост и секуларизам, да им го спротистави на националните традиционалисти, од редовите на демохристијанската провиниенција и на некои од регионалните партии, кои се препознаваат по тоа што:

- Го нагласуваат историскиот континуитет на државата и нацијата (извлекувајќи го правото од корените), преку обновата на националните митови;

- Се залагаат за создавање национална држава на својот народ, односно за етноцентрична државност, и даваат предност на етничката заедница во однос на општеството;

- Преферираат силна власт;

- Многу често и силно влијание на црквата;

- Иако нивните елити се од урбано потекло, тие ја нагласуваат грижата за селото и селското население.

Радикалните традиционалисти, пак, во основа се националисти, па и шовинисти, и ја промовираат политиката на евроскептицизам и одбивност во однос на воените сојузништва со Западот.

И на линијата на судирот *авторитаризам - демократија*, социјалдемократите, во чија основна мисија лежи развојот на демократијата, се судираат со авторитарноста на десничарските партии и водачи, кои се опседнати со коцептот за владеење без опозиција и со градењето на својот култ на личност (како во Белорусија, Србија во периодот на Милошевиќ, и во други земји).

Анализирајќи ги состојбите во малите земји на Источна Европа по паѓањето на комунизмот, Ф. Фукојама, денес, предупредува на новите опасности. Тоа е опасноста од појавата на авторитарни режими и по победата на капитализмот во овие земји. Според него, политичките елити во тие режими не го оспоруваат капитализмот, бидејќи нивниот легитимитет зависи од континуираниот развој. Но, некои од нив, сметаат дека треба само да се приспособат кон надворешните ритуали на демократијата, иако ја унишуваат нивната суштина. Тоа, обично, се политички водства мотивирани и, главно, придвижувани од национализмот. Режимите што ги создаваат таквите водства, според Фукојама, се „агресивни кон надвор и арогантни дома", а новите капиталистички автократи можат да бидат и поопасни бидејќи во капитализмот стануваат побогати и помоќни од нивните комунистички пандани.

Социјалдемократијата има задача да ги избегне и да се справува и со овие опасности.

Социјалдемократијата, преку изградба и иновирање на својот идеолошки концепт, има задача да избега од позицијата на голиот политички прагматизам и повторно да го разгори, толку потребниот, политички идеализам. А преку своето организациско и кадровско оспособување, да го зголемува својот капацитет за остварување на демократските промени.

Социјалдемократијата и нејзините организации во Македонија, мора да одговорат на сериозните критики од страна на дел од научната јавност, според кои:

- Партиите во Македонија (па и социјалдемократските) спаѓаат во категоријата на „catch all" или „собирај се" партии. Ним им е поважна регрутацијата и организацијата, од политичките убедувања. Тие се подготвени да го отфрлат поголемиот дел од идеологијата само да привлечат што поголем граѓани. Го потеницираат единството и лидер-

ството, со што го активираат елитистичкото малцинство, а го пасивизираат мнозинството во партискиот живот;

- Македонските партии се повеќето партии - приврзаници на лидерот. Нивното формирање и функционирање е повеќе поврзано со личноста и делото на лидерот, отколку за програмата и интересите на посебни слоеви од населението. Затоа, со оставките на лидерите, тие минуваат низ криза на консолидација;

- Во сите партии се забележува тенденцијата по освојувањето на власта да се инсталираат како партија-држава. По принципот „победникот носи се", се воведува „партитократија" - која се стреми да ги колонизира сите сфери на општеството, а злоупотребата на државните ресурси, односно клиентилизмот, се користи за мобилизирање на гласачите. Државната и локалната администрација се регрутираат врз основа на блискост со партијата на власт и таа се претвора во сервис на партијата, наместо да биде сервис на граѓаните. Партитократијата и клиентилизмот, пак, се плодно тло за корупцијата.

Со други зборови, како што ќе биде кажано и во еден од извештаите на Меѓународната кризна група за Македонија (2004), „политчките партии во Македонија се способни за регрутација на избирачите во време на изборите, но сé уште се со низок капацитет за изведување на демократските реформи".

Во ова време, кога политката е 24 часа дневно изложена на медиумско внимание, социјалдемократијата мора да пронаоѓа модели на дејствување и водства кои на најуспешен начин ќе ја претставуваат својата политика пред јавноста. И социјалдемократската политика станува медиумски производ кој треба да го привлече вниманието и да ја добие наклонетоста на мнозинството.

Успехот на лабуристите во Велика Британија, некои аналитичари го оценија на следниот начин. Тоа беше спој на:

- внимателно елабориран и целосен владин проект (изграден со суштествен придонес од страна на неколку интелектуалци) ,
- на посветено и приврзано водство на партијата кон таа програма,
- мошне умешно успешно брендирање на партијата,
- компетентана и целовремена кампања за пропагирање на тој проект меѓу членството во партијата,

- и компетентана и целовремена кампања за пропагирање на тој проект во цела Велика Британија.

# Историски корени на социјалдемократијата во Македонија

# 6

Историјата на социјалдемократијата во Македонија е нераз-делна од историјата на македонското национално-ослободителното и револуционерно движење во 19-тиот и 20-тиот век.

Првите партии на територијата на Македонија се создаваат кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век, како нелегални и револуционерни структури, чија цел е ослободување на Македонија од турското ропство и создавање независна држава.

Македонските социјалисти во Софија, се обединуваат околу својот лидер, *Васил Главинов.* На почетокот тие го издаваат весникот „Револуција”, а од *1898,* весникот „Политичка слобода”. Исто така, издаваат брошури во едицијата „Македонска работничка библиотека”, а на манифестациите во Софија, излегуваат со паролите: „Ослобо-дувањето на Македонија е дело на Македонците” и „Македонија, на Македонците”.

Оваа цел ќе биде поддржана и од британскиот премиер во тоа време, Вилјам Гледстон (1809-1898), кој ќе изјави: „Ако е Бугарија, на Бугарите, Србија, на Србите, тогаш зошто не и Македонија, на Маке-донците”.

Групата на Васил Главинов, организациски најтесно се поврзувала со Бугарската работничка социјалдемократска партија (тесни социјалисти), но подоцна била исклучена од оваа партија заради анархолиберализам и дејствувала самостојно. По воведувањето на уставните слободи во 1908 година, Васил Главинов во Солун ја отвора Интернационалната социјалистичка книжарница.

Инспирирани од идеите на Француската револуција (1848) за „слобода, братство и еднаквост”, македонските револуционери: *Никола Карев, Даме Груев, Питу Гули, Ѓорче Петров, Пере Тошев* и многу други, во *1903* година ќе ја создадат првата Република на Балканот, позната

како *Крушевска Република,* која е угушена во крв само по 10 дена од страна на војската на турскиот султан. Востаниците избираат Совет на Републиката и Привремена влада, составена од по двајца претставници на Македонците, Албанците и Власите. Во Прогласот на востаниците до турското население во Македонија стои:

"За право, за слобода, и за човечки живот Ве каниме и Вас да дојдите заедно да водиме борба. Елајте браќа Муслимани при нас да тргнеме против вашите и нашите душмани. Елајте под бајракот на Автономна Македонија. Македонија е заедничка наша мајка и вика за помош. Елајте да ги скршиме синџирите на ропството, да се куртулиме од маки и страдања и да ги пресушиме реките од крв и солзи... Ние не сме арамии и јанкесеџии, туку револуционери под заклетва, да умреме за правото и слободата, ние се бунтуваме против тиранијата и против ропството... против насилниците на нашата чест и на нашата вера, тие што ја цицаат нашата пот и што го експлоатираат нашиот труд."

Идеологот на македонското револуционерно движење, *Гоце Делчев,* кој е убиен пред почетокот на Илинденското востание, за себе изјавува дека е *социјалдемократ.*

Во *1908* година е формирана Народната федеративна партија на *Јане Сандански,* во која влегуваат и *Димо Хаџи Димов, Димитар Влахов, Петар Поп Арсов, Христо Чернопеев и Добри Даскалов*. Оваа партија, која го издава весникот „Народна волја", ги прифаќа идеите на Младотурската револуција, за реформи, парламентаризам и автономија, низ кои треба да се унапреди животот на граѓаните во Македонија. Таа, во својот прв број на „Народна волја" објавува дека наскоро ќе почне да излегува весникот „Работник", орган на *Работничката социјал-демократска партија* во формирање.

Весникот „Народна волја", за излез од тогашната криза, го предлага следново: „Најздрава гаранција за уставниот режим и за слободата во Турција несомнено ќе биде оној сојуз од демократски и радикални партии од сите националности, што допрва ќе се формира и организирајќи ги под едно зедничко политичко знаме либералните елементи од сите нации, ќе претставува една општествена сила. Создавањето на еден ваков демократски сојуз од националните демократски партии, е една од најважните задачи на Народната федеративна партија."

На територијата на Македонија се формира партијата на Младотурците, „Единство и прогрес". Во програмата на партијата „Единство и прогрес", која дејствува на територијата на Македонија, 1908 година, биле внесени и барања за: Министерска одговорност пред Парламентот, изборност на две третини од сенаторите, Закон за пасивно гласачко право за сите отомански поданици со навршена деветнаесетгодишна возраст и без имотен ценз, донесување закон за слободно конституирање и постоење на политички здруженија, спроведување слободни избори, и сл. Во Народното собрание на Турција, на тие избори во 1908 година, Младотурците освојуваат 150, од вкупно 240 места во Парламентот, а претседателот на партијата, Ахмет Риза-беј, е избран за претседател на Собранието. Истите овие барања се содржани и во Програмата на Народната федеративна партија.

Пратеникот на Народната федеративна партија, што ја основа Јане Сандански, Димитар Влахов, во Турскиот парламент како избран член на Парламентот од Македонија, ќе одржи и говор за потребата од инвестирање во инфраструктурата во Македонија, подигање на образовното ниво и за поголема локална самоуправа на населението во Македонија.

Групата на Димитар Влахов, во оваа партија во теоретските поставки се сметала за група со социјалдемократски сфаќања, но санданистите и го оспорувале социјалдемократскиот карактер и ја карактеризирале како буржуаско-демократска. Јане Сандански, сепак, го прифаќа парламентаризмот како можен начин за подобрување на животот и самиот, со Петар Попарсов и Христо Далчев, во 1909 година се кандидати од Македонија за пратеници во Турскиот парламент.

Весникот „Народна волја" го објавува и говорот на Раковски, одржан по покана од *Солунската работничка социјалдемократска асоцијација,* на Први мај 1910, во која тој вели дека идејата (на Сандански) за федерацијата на Балканот, веќе станала идеја на практичниот живот и дека и припаѓа утрешниот ден.

Веќе во мај 1908 година, Васил Главинов ја обновува Македононско- одринската работничка социјалдемократска група, која пред меѓународната социјалдемократија била застапувана од Бугарската работничка социјалдемократска партија (тесни социјалисти). Раководителот на Македонската работничка социјалдемократска група во Битола, *Никола Петров-Русински,* во октомври 1908 година го формира работничкото просветно друштво „Класно сознание" и упатува апел за

создавање работнички просветни социјалдемократски групи и синдикални групи, насекаде во Македонија.

На први октомври, 1910 година, излегува весникот „Социјалистичка зора”, на Скопската социјалдемократска организација.

По завршувањето на Балканската социјалдемократска конференција во Белград, во 1910 година, на која учествувале претставници на српската и бугарската социјалдемократска партија, како и претставници од Македонија, било договорено да му се даде помош на социјалистичкото движење во Македонија за негово обединување. Како реазултат на овој договор, кон крајот на 1910 година била покрената иницијатива за создавање единствена социјалдемократска партија во Македонија, а за таа цел, во Македонија престојуваат раководителот на бугарското и меѓунродно работничко движење, д-р Крсто Раковски, и лидерот на српскиот пролетаријат, Димитрие Туцовиќ. Во последните денови од декември, таа година во Солун се одржала конференција со учество на претставници од сите социјалдемократски организации од Македонија (Солун, Скопје, Битола, Велес и Тетово), со еден претставник од српската социјалдемократска партија и еден од редовите на цариградските социјалисти, но ова обединување, сепак, не се случува.

Македонија по Балканските војни не ја добива својата независност, туку со Букурешкиот мировен договор од 13 август, 1913 година, е поделена меѓу Србија, Бугарија и Грција. По Првата светска војна, која завршува со Версајскиот мировен договор од 1919 година, нејзината поделеност останува. Вардарскиот дел на Македонија, по Формирањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, станува Вардарска бановина, во составот на ова Кралство, под управа на Србија. Во овој дел на Македонија се основаат ограноци на граѓанските партии од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а македонското население, без право на истакнување на македонската национална посебност, добива право да учествува на парламентарните избори.

Македонската левица, преку свои претставници учествува во основањето на *Работничко-социјалистичката партија - комунисти,* која се основа во *1919* година во Белград, и ја поддржува на општинските избори во 1920 година, но таа партија, уште наредната година е забранета.

Инспирирана од идеите на Октомвриската револуција (1918), македонската левица прави обиди преку свои претставници во Комунистичката интернационала на Ленин, да го наметне ставот дека борбата на македонскиот народ за социјална слобода не може да биде одвоена од неговата борба за национална слобода. Како резултат на тоа, *Коминтерната,* на својот Седми конгрес во *1934* година, донесува посебна Резолуција, со која ја признава посебноста на македонската нација и нејзиното право на национална слобода.

На територијата на сегашна Република Македонија, во периодот меѓу двете светски војни дејствуваат српските граѓански партии: Радикалната партија, на Никола Пашиќ, Демократската партија, подоцна преименувана во Југословенска демократска странка, на Љуба Давидовиќ, Републиканската партија на Јаша Продановиќ и Независната работничка партија на Југославија, преку која комунистите ги остваруваат своите активности до Шестојануарската диктатура во 1929 година.

Македонските студенти од Загреб, Белград и одделението на белградскиот Универзитет во Скопје, формираат свои македонски студентски друштва и своја организација, позната под името, Македонски национални покрет, во 1935 година. Преку оваа организација се обидуваат својата поддршка на изборите во Македонија да ја условат со признавање на правото на национална независност и со подобрување на животот на граѓаните во Македонија, во рамките на тогашниот парламентарен живот, но наидуваат на силен отпор кај српските хегемонисти и националисти.

На почетокот на Втората светска војна, во 1939 година, во Скопје е формиран Покраинскиот одбор на КПЈ за Македонија, а во 1943 година, во Тетово, *Комунистичката партија на Македонија. КПМ* го прифаќа повикот на југословенските комунисти за заедничка антифашистичка борба против окупаторот, чија цел ќе биде не само ослободување на Македонија од фашистичката окупација, туку и борба за создавање независна држава на македонскиот народ. Во оваа борба, животите ги изгубија над 24 илјади граѓани на Македонија, но Македонија за првпат доби своја национална слобода, а македонскиот народ, слобода за развој на својот јазик, култура и историја. На 2 август, *Илинден 1944* година, свикано е Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, како највисок законодавен орган на независна Република

Македонија. Илинден е избран како историски симбол на борбата на македонскиот народ за слобода, независност и правда.

Со завршувањето на антифашистичката борба, која за македонскиот народ беше и национално ослободителна, беше изведена и комунистичката револуција која во политичкиот простор остави место само за Комунистичката партија, подоцна преименувана во Сојуз на комунистите.

Оваа партија, по судрот на Тито со Сталин во 1948 година, кога е исклучена од Информбирото, се определува за изградба на свој модел на социјализам, познат како самопуравен социјализам. Ортодоксните комунисти му го одрекуваат социјалистичкиот карактер на тој социјализам, наведувајќи го постоењето на приватни претпријатија, приватна сопственост на над 90% од обработливото земјиште, непостоењето на колективизација на селото, самоуправувањето како еден вид работничко акционерство и модел на индустриска демократија, отсуството на државен монопол во надворешната трговија, постоењето пазарни елементи во економијата, и сл. Овој модел, на Македонија и овозможува целосен развој на националната свест, култура и историја и економски и политички развој во согласност со динамиката и нивото на развојот на целата југословенска заедница.

*Сојузот на комунистите на Македонија, кон крајот на 80-тите години* се приклучува кон реформските сили во единствената југословенска партија, и веднаш по активностите на комунистите од Словенија и Хрватска иницира промени во Македонија за слободно формирање на политички партии и *одржување слободни повеќепартиски избори, веќе во 1990 година.* На првите повеќепартиски избори во 1990 година, учествуваат над 23 партии во борбата за пратенички места, а меѓу нив и повеќе со социјалдемократско име и ориентација. Во 1991 година, Сојузот на комунистите на Македонија - Партија за демократска преобразба, на својот конгрес го зема името, Социјалдемократски сојуз на Македонија. Со своите 32 пратеника во првиот македонски Парламент, кој е составен од 120 членови, СДСМ во 1990 година ја подржа т.н. експертска Влада, односно Влада на големата каолиција, составена од сите партии во Парламентот, а од 1992 година формира своја Влада, во коалиција со Сојузот на реформските сили и Партијата на етничките Албанци во Македонија, односно Партијата за демократски просперитет. Од 1994 до 1998 и од 2002 до 2006 година, Социјалдемократскиот сојуз е најбројната партија во Собранието на Република Македонија и формира своја Влада. Од

1990 година, до 1999 нејзиниот кандидат Киро Глигоров е претседател на Република Македонија, а во 2004 на вонредните претседателски избори тогашниот Претседател на СДСМ Бранко Црвенковски е избран на непосредни избори за Претседател на Република Македонија со петгодишен мандат.

Имајќи го предвид овој историски преглед на развојот на социјалдемократијата во Македонија, може слободно да се каже дека во корените на денешната социјалдемократија се вградени:

- Борбата за социјална правда на социјалистот Васил Главинов;

- Идеалите за национална слобода, за братство и еднаквост, на македонските револуционери: Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев, Ѓорче Петров и Никола Карев;

- Реформизмот, парламентаризмот и подготвеноста за компромис од времето на младотурската револуција, на Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и Димитар Влахов;

- Космополитизмот и интернационализмот на Комунистичката интернационала;

- Антифашизмот и идеалите за создавање држава на македонскиот народ, за социјална правда, братство и единство на борците од Народноослободителната борба и социјалистичката револуција на македонскиот народ.

Денес, социјалдемократите во Македонија се исправени пред нови предизвици. Тие, веќе како дел од големото семејство на работнички, социјалистички и социјалдемократски партии на кое му припаѓаат, за своите програми и активности се инспирираат од најдобрите пракси и резултати на современите социјалдемократски партии во светот, кој постојано се менува.

# Користена литература

# 7


1. Åíòîíè Ãèäåíñ: „Òðåòèîò ïàò”, èçä. ÈÄÑÖÎ. 2002 ãîä. Ñêîïјå, Ïðåäãîâîð, □îðãè Ñïàñîâ

2. Anthony Gidens, „The third Way” and its Critics Polity press Cambridge

3. M. Dauderstadt, A. Gerrits, G. Markus: „Troubled Transition-Social democracy in East Central Europe”, „Friedrich Ebert Stiftung”, Bon 1999

4. N. Crook, M. Dauderstadt, À. Gerrits, „Social Democracy in Central and Eastern Europe”, „Friedrich Ebert Stiftung”, Bon 2002.

5. „Rethinking social democracy” - by M. Brown and P. Diamond Policy Network - London 2003

6. J. Hoffman, P. Graham „Introductio n to political ideologies Pearson Essexs UK”, 2006

7. P. Mandelson, „The Blair revolution revisited”, „Politicos”, London 2002

8. Èíãâàð Êàðëñîí è Àí Ìàðè Ëèíäãðåí: „Øòî å ñîöèјàëäåìîêðàòèјà?”, Áàðàí, Ãåòåáîðã, Øâåäñêà, 2008

9. Í. Ðóæèí „ Ñîâðåìåíà ñîöèјàëäåìîêðàòèјà”, èçä. Ôîíäàöèјà „Ôðèäðèõ Åáåðò”, Ñêîïјå 1999

10. Çäðàâêî Ñàâåâñêè, „Îòàäå åäíîóìèåòî - ïîâòîðíî îòêðèâàœå íà ëåâèöàòà”, èçä. „Êóëòóðà”, 2006

11. „Политичке странке и бирачи у државама бивше Југославије" - изд. Фондација „Фридрих Еберт" и Институт друштвених наука, Београд, 2006.

12. „Organizational structures and internal party democracy in South Eastern Europe", „Friedrich Ebert Stiftung", Sofija, 2005

13. Adrian Nastase „Towards normality - A modern social democracy vision of Romanians future", Bucharest, 2002

14. Георги Радуле, „Историја на Македонија", изд. „Бугарска лига за заштита на правата на човекот", Софија, 1997

15. Надежда Цветковска, „Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941)", изд. Институт за национална историја, 1996

16. Манол Пандевски, „Политички партии и организации во Македонија (1908-1912)", „Култура", 1965

17. И. Бибо, „Беда малих Источноевропских држава", изд. „Книжарница Зорана Стојановиќа", Нови Сад, 1996

18. Peter Mair, „The West European party system", Oxford University press, Oxford, 1991

19. Andrew Heywood, „Key concepts in politics", „Palgrave", London, 2000

20. Chris Philip, „Conservative revival", „Politicos", London 2006

21. Michael A. Ashcroff, ,„Smell the coffee" - a wake - up call for the Conservative Party,, London 2005.

# Куса белешка за авторот

Ѓорѓи Спасов (1949) е професор на политички науки на Европскиот Универзитет во Скопје. Бил Амбасадор на Република Македонија во Велика Британија (2003-2007) и Амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија (1994-1997). Министер за правда во Владата на социјалдемократите (1997-1998), Генерален секретар на Социјалдемократскиот Сојуз (1999-2002), и во два мандата е избиран за пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на СДСМ, во 1988 и 2002 година. Автор е на предговорот на македонското издание на книгата „Третиот пат" од Ентони Гиденс. Има објавено голем број статии и научни расправи за социјалдемократијата и политичките партии и објавува колумни во дневниот и неделниот печат.



ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА
Канцеларија Македонија
ул. " Ристо Равановски" 3
1000 Скопје, Македонија
П.Фах 423
www.fes.org.mk